Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-129/1
26-01-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-726/1 од 2.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против Управата за водење на матични книги, за сторена дискримнација врз основа на родов идентитет во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 24.1.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на родов идентитет во областа на правосудство и управа сторено од страна на Управата за водење на матични книги врз [redacted]

## Образложение

На 2.10.2023 година во просториите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, преку Записник за дадена усна изјава за поднесување на претставка, беше поднесена претставка од страна на [redacted] од Скопје против Управата за водење на матични книги ("**Управата**"), за сторена дискриминација врз основа на родов идентитет во областа на правосудство и управа.

Подносителката на претставката наведува дека на 21.8.2023 година преку е-порталот на службената интернет страна на Управата за водење на матични книги уредно поднела електронско барање за издавање на извод од матична книга на родените. Откако го поднела барањето па сѐ до денот на поднесување на претставката, таа сѐ уште го нема добиено бараниот извод. На почетокот на месец септември се обратила на лице место во Подрачно одделение Скопје, по што ѝ било кажано дека изводот е изготвен и пратен по пошта на наведената адреса во барањето, со напомена дека доставата по пошта се прави лично на рака, без процедура за подигнување во подрачната поштенска служба.
Притоа, не ѝ биле дадени никакви дополнителни информации или детали за пратката во вид на број на пратка со цел следење на истата. По изминување на една недела, се обратила по втор пат на лице место во истото подрачно одделение, по што не добила никаков одговор од надлежните службени лица, туку само била препраќана од еден на друг шалтер, избегнувајќи да ги обезбедат потребните информации во врска со нејзиното барање.

Поради не добивањето на изводот од матичната книга на родени, таа трпи штетни последици бидејќи не може да оствари статус на здравствен осигуреник во Фондот за здравствено осигурување. Смета дека со сите други електронски барања за издавање на извод од матичните книги поднесени од други граѓани не се постапува на ист начин како и во нејзиниот случај, туку напротив бараните изводи ги добиваат во законски предвидените рокови.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.10.2023 година испрати Известување бр. 08-726/2 за произнесување по наводите од претставката до Управата за водење на матични книги.

Бидејќи и по истек на законскиот рок не беше пристигнат одговор на известувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 14.12.2023 година испрати Ургенција за произнесување до Управата. До моментот на носење на ова мислење, а по уредно доставени Известување бр. 08-726/2 и Ургенција бр. 08-726/3 за произнесување по наводите од претставката, не беше пристигнат никаков одговор од страна на Управата за водење на матични книги.

Оттука, Комисијата при носењето на ова мислење ги ценеше единствено наводите изнесени во претставката, при што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 21.8.2023 година [redacted] поднела барање за издавање на извод од матичната книга на родени на е-порталот на веб страната на Управата за водење на матични книги. На почетокот на месец септември, лично се обратила до Подрачното одделение Скопје, при што била информирана дека изводот е изготвен и испратен по пошта. Една недела подоцна, повторно се обратила во истото подрачно одделение, но била препраќана од шалтер на шалтер и не добила никаков одговор околу доставата на изводот. Поради ова, таа не може да оствари статус на осигуреник во Фондот за здравствено осигурување.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Во оваа насока, **член 8 став 1** од Законот ја дефинира директната дискриминација:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Земајќи ја предвид фактичката состојба, а во контекст на горе цитираните одредби, Комисијата утврди дека од самите наводи изнесени во претставката не е сторено веројатно дека доцнењето на доставата на изводот од матичните книги и не обезбедувањето дополнителни информации било заради родовиот идентитет на подносителката. Поточно, Комисијата не пронајде факти и околности кои упатуваат на тоа дека кон подносителката на претставката било постапувано понеповолно заради нејзиниот родов идентитет, во однос на други граѓани кои поднеле барање за издавање на извод од матичната книга на родени.

Врз основа на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и не утврди дискриминација сторена врз основа на родов идентитет од страна на Управата за водење на матични книги врз [redacted]

Скопје
26.1.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Управа за водење на матичните книги, Подрачно одделение Скопје, ул. Кеј Димитар Влахов бб, 1000 Скопје